УДК: 262.3(497.7/090)
281.963(091)

Александар АТАНАСОВСКИ

# ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО XIV ВЕК

Средновековната историја на Охридската архиепископија се испреплетува со политичките настани во Македонија во тој период. Во таа историја најголемо влијание имале соседните балкански држави коишто воделе постојана борба за потчинување на Македонија под своја власт. Македонија и македонскиот народ во својата долговековна историја за соседните народи биле објект за освојување, а надмоќта на Балканот ја имала онаа балканска држава во чии раце била Македонија.[1] Судбината на македонскиот народ ја делела и Охридската архиепископија.

Овде ќе се задржиме само на дел од историјата на Охридската архиепископија, делот што се однесува на XIV век. Поради сложените општествено-политички прилики, таа рамка нема строго да се почитува, т.е. ќе започнеме со настаните што се случиле во втората половина на XIII век. Сето тоа е потребно за да се добие јасна претстава за приликите на овој дел од Балканот, а со тоа би се добила и појасна претстава за состојбите околу Охридската архиепископија.

Предмет на ова излагање се три прашања поврзани со Охридската архиепископија и тоа: границите на нејзиниот диоцез; канонската положба и нејзиното искористување од световните владетели за политички цели.

Границите на диоцезот на Охридската архиепископија зависеле од политичките прилики на Балканскиот Полуостров. Од 31 епархија во XI век[2] , во втората половина на XIII век диоцезот бил намален на

---

[1] Ј. Белчовски, Автокефалноста на македонската православна црква. Скопје 1990, 52.

[2] Според грамотите на Василиј II за Охридската архиепископија од 1019 и 1020 година на Охридскиот архиепископ му биле доделени 32 епархии; со првата 17, со втората 13 и со третата 2. Спореди: Й. Иванов, Български старини изъ Македония. София 1972, 550-561; И. Снегаров, История на Охридската архиепископия. Том 1, София 1995, 163 (Тој наведува 31

13[3], а кон крајот на истиот век на 11 епархии.[4] Причините за драстичното смалување на диоцезот на Охридската архиепископија се познати и за нив е пишувано повеќе пати во нашата и во балканската историографија. Овде ќе ги посочиме само двете најглавни и најзначајни причини: првата, неканонското одделување на српските епархии и нивно приклучување кон неканонски прогласената Пеќска ( Српска) архиепископија во 1219 година[5]; втората, исто, неканонското прогласување на Трновската (бугарска) патријаршија во 1235 година[6] и присоединувањето на дел од бугарските епархии кон неа, а кои пред тоа биле под јурисдикција на Охридската архиепископија.

Сето тоа се случило во многу сложени политички и црковни прилики на Балканот и пошироко. Византија како држава и поим за православната екуменска (Вселенска) црква не постоела. На нејзино место биле создадени повеќе држави коишто меѓусебно конкурирале за наследството на Византија, а со тоа и за наследство на вселенската (екуменска) црква. Улогата на вселенски патријарх во Цариград ја играл латинскиот патријарх. Екс византискиот патријарх се повлекол во Никеја, си ја задржал титулата и ингеренциите што ги поседувал пред тоа, иако за тоа немал канонска основа.[7] Во тие борби за византиското наследство, политичката карта на Балканот често се менувала. Тоа доведувало до

---

епархија); С. Димевски, Историја на македонската православна црква. Скопје 1989, 95; Ј. Белчовски, Автокефалноста..., 33.

[3] И. Снегаров, История, 1, 194.

[4] Исто, 195.

[5] За прогласувањето на српската архиепископија спореди го писмото на Охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан кај И. Снегаров, История, 1, 123; М. Петровић, Историјска права страна Хоматијановог писма „најпречаснијем" међу монасима и сина великог жупана Србије кир Сави. ЗРВИ, бр. 19, Београд 1980, 197-205; Ј. Белчовски, Автокефалноста, 52.

[6] За прогласувањето на бугарската (Трновска) патријаршија спореди: К. Иречекъ, История на Българитѣ, София, 1929, 198; Г. Острогорски, Историја Византије, 410; В. Н. Златарски, Иван Асен II (1218-1241). БИБ III-3, София 1930, 25-31; П. Никовъ, Църковната политика на Иван Асеня II. БИБ. III.3, София 1930, 90-93; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век. София 1999, 493.

[7] За тоа во писмото на Д. Хоматијан се вели: кога се чуло митрополитот на Никеја да се нарекува и патријарх на Цариград?!! Спореди: И. Снегаров, История, 1, 119.

случаи делови од Охридската архиепископија да се најдат под власт на различни владетели, коешто уште повеќе ја усложнувало нејзината улога и нејзината дејност.

По обновувањето на Византија во 1261 година, Охридската архиепископија се нашла во нејзиниот состав, но намалена поради одделувањето на српските и бугарските епархии, кои влегле во составот на српската и на бугарската држава. Обновувачот на Византија, Михаил VIII Палеолог, поради непријателското држење на српскиот и на бугарскиот владетел се обидел преку воскреснување на идејата за возобновување на Охридската архиепископија во нејзините некогашни граници да ги ликвидира српската и бугарската црква, а нивните епархии да ги потчини на Охридската архиепископија. Со овој предлог тој истапил и на Лионскиот собор во 1274 година, но и покрај склучената црковна унија предлогот на Михаил VIII Палеолог останал само на хартија.[8] Оваа поддршка на Охридската архиепископија Михаил Палеолог ја давал со цел за консолидирање на државата. Сепак, и покрај огромните напори и залагања на Михаил VIII, обновената Византија била само бледа сенка на некогашната моќна империја. Таа почнала да трпи сериозни удари од засилените балкански држави, пред сè, од младата и доста зајакната српска држава. За разлика од Византија, Србија била консолидирана држава и веќе не ги криела своите амбиции за доминација на Балканот. Реализацијата на својата политика за проширување на југ за сметка на Македонија, којашто била под византиска власт, започнала со доаѓањето на нејзино чело на младиот и енергичен крал Милутин во 1282 година. За кратко време тој ги запоседнал Скопје, Горни и Долни Полог, Овче Поле, Злетово и Пијанец. Една година подоцна, Милутин запоседнал нови територии во Западна Македонија и во Албанија, северно од Кроја,

[8] К. Иречек, История на Българите, 212; М. Дринов, Въпрос за българската и сръбска църква пред съдалището на Лионския събор в 1274. Соч. III. 215-231; И. Снегаров, Истори, 1, 157-159; Ј. Белчовски, Автокефалноста, 61.

Мат и Охрид, вклучувајќи ги Дебар, Порече и Кичево.[9] Византија се обидела да се спротивстави на ова српско проширување, но без успех. Кралот Милутин не само што ги освоил овие територии, туку нив ги одзел од Охридската архиепископија и ги потчинил на Пеќската архиепископија. Со тоа во границите на Охридската архиепископија останале само 11 епархии и тоа: Охридска, Костурска, Деволска, Главеничка, Канинска, Пелагониска, Мегленска, Сланичка, Гребенска, Струмичка и Влашка.[10] Границата на диецезот, почнувајќи од Струмичко ја минувала реката Брегалница и реката Вардар негде над Велес, од каде свртувала на југозапад под Кичево и Дебар и допирала до реката Црн Дрим во Струшкото Поле.[11] Овие граници на Охридската архиепископија останале непроменети до крајот на српското владеење. Иако српскиот крал Душан успеал до 1345 година да ја потчини речиси цела Македонија под српска власт, тој ја прекинал практиката на одземање на епархиите од Охридската архиепископија и нивно приклучување кон српската црква. Тоа го направил од политички побуди, за што ќе стане збор подолу.

Но, иако Душан ја прекинал практиката на одземање на епархиите од Охридската архиепископија, тој не ѝ ги вратил веќе одземените, туку

---

[9] За српските завладувања во Македонија види: Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило, изд.Ђ. Даничић, Загреб 1866, 108-109; според преводот на Л. Марковић. СКЗ, Београд 1935, 82; Биографијата на крал Милутин од Данило II (превод Даничић), прилог на В. Мошин, - Споменици, II, 362; В. Мошин, Грамотите на манастирот Св. Георги Горг. Споменици. I, 125; В. Мошин, Грамота - автобиографија на кралот Стефан Урош II, Споменици II, 340-342; Т. Суботић-Голубовић, Још о „житију у свитку" краља Милутина. -ЗРВИ, 33, Београд 1994, 122; спореди и: К. Йиречек, История на Българите, 216; В. Н. Златарски, Българо-сръпските политически отношения в миналото. - БИБ, III 2. София 1931, 87; К. Јиречек, Историја Срба, I, 191; В. Мошин, Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин, - Споменици, II, 161; истиот, Крал Милутин според неговата биографија од Данило II, неговото „Житие по свиток" и неговата автобиографија. - Споменици, II, 312; Историја српског народа. I, 439; Л. Славева, Дипломатичко правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век. - Споменици, III, Скопје 1980, 103; К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 162 и сл.

[10] И. Снегаров, История, 1, 195; С. Димевски, Историја на МПЦ, 139.

[11] И. Снегаров, История, 1, 195.

ја задржал состојбата таква каква што ја затекнал. Значи Охридската архиепископија територијално ништо не добила, но и не изгубила во времето на Душан.

По смртта на царот Душан во 1355 година, неговиот син Урош V не бил во состојба да го одржи единството на државата и таа се распаднала на повеќе самостојни или полусамостојни државички и кнежества. Во Македонија како најмоќни се истакнувале државите на Димитриј Волкашин и брат му Јован Угљеша. Во 60-те години на XIV век првиот ја носи титулата „крал“ , а вториот „деспот“. Во тоа време епархиите на Охридската архиепископија се наоѓале во различни држави, коишто веќе биле осамостоени од српската држава. Иако политичките прилики биле доста сложени, сепак Охридската архиепископија ги зачувала оние епархии што ги поседувала од времето на Душан. Некои истражувачи сметаат дека во времето на крал Волкашин на Охридската архиепископија им биле вратени Скопската и Призренската митрополија. Ова прашање не може со сигурност да се потврди со изворни податоци. Но доколку такво нешто се случило, тоа би требало да се датира по 1368 година.[12]

По загинувањето на Волкашин и Угљеша во 1371 година на реката Марица, политичката ситуација уште повеќе се усложнила. Дел од епархиите на Охридската архиепископија потпаднале под власта на Византија, којашто ги оставила под духовна власт на Охридската архиепископија. Во 1381 година била укината Злетовската епископија. Нејзиното седиште – Лесновскиот манастир, тогашниот владетел на тие области, господин Константин Дејанов, го подарил на Хилендар. Териториите што влегувале во составот на Злетовската епископија биле потчинети на Велбуждската и вратени под јурисдикција на Охридската архиепископија. Тоа значи дека во очи на османлиската експанзија на Балканот Охридската архиепископија ги проширила своите граници.[13]

---

[12] Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија во XIV век. - Списание Историја XVI/1, Скопје 1980, 175.

[13] И. Снегаров, История, 1, 334; 336-337.

Охридската архиепископија ги надживеала сите државни творби во кои влегувале нејзините епархии, а кон крајот на XIV век успеала да се легализира и под османлиска управа, настојувајќи да ја задржи и да ја прошири власта над диецезата што ја имала, или за која нејзините поглавари сметале дека ѝ припаѓа.

Канонската положба на Охридската архиепископија никогаш не била нарушена. Без разлика под чија власт се наоѓале нејзините епархии, таа си останала „автокефална" и не била потчинета ниту на еден патријаршиски престол. Во обновената византиска империја по 1261 година, Охридската архиепископија во однос на Цариградската патријаршија останала независна.[14] Михаил VIII Палеолог го ослободил од затвор охридскиот архиепископ Константин Кавасила и му дозволил повторно да ја заземе архиепископската катедра.[15] Во 1272 година истиот владетел му предал на охридскиот архиепископ повелба во која правата на Архиепископијата не биле доволно прецизирани и давале општо право да управува со оние епархии кои ѝ биле одземени од соседните митрополити. Меѓу другото во повелбата се вели дека „...поради политички збрки Архиепископијата изгубила многу свои епархии. Едни потпаднале под туѓа власт, други исчезнале и на императорот не му било лесно да ги изброи по име; трети пак биле одземени од разни митрополити кои се стремеле да го исползуваат погодниот момент и со текот на времето ја утврдиле својата власт во нив; четврти пак ја засакале автономијата и се отцепиле од својата заедничка мајка".[16] Во повелбата Михаил VIII ги приклучил и трите повелби на Василиј II. На Лионскиот собор во 1274 година, византиските пратеници истакнале дека автокефалните цркви во Србија и Бугарија не се канонски, бидејќи се основани без папска и екуменска дозвола, и тоа по преземањето на Цариград од Латините. Тоа било сторено на штета на Охридската архиепископија во чиј состав влегувале порано.[17] За жал нема никакви податоци дека по Соборот па-

[14] Ј. Белчовски, Автокефалноста..., 60.

[15] Исто, 60.

[16] И. Снегаров, История, 1, 158; Ј. Белчовски, Автокефалноста..., 61.

[17] И. Снегаров, История, 1, 158; Ј. Белчовски, Автокефалноста, 61.

пата презел некои мерки за потчинување на црквите во Србија и Бугарија под Охрид. Охридскиот архиепископ во времето на Палеолозите заземал високо место во источната екумена, се наоѓал веднаш зад патријарсите на Цариград, Александрија, Антиохија и Ерусалим. На соборските акти тој го ставал својот потпис пред кипарскиот архиепископ.[18]

Во првите три децении од XIV век, иако дел од епархиите на Охридската архиепископија биле потчинети на српската држава, одземени од кралот Милутин и дадени на српската црква, канонската положба на Архиепископијата останала непроменета. Тоа од причина што нејзиното седиште, градот Охрид не бил под српска власт.

Со паѓањето на Охрид под српска власт, а потоа и поголемиот дел на Македонија, речиси сите епархии на Архиепископијата се нашле под српска власт. Но, царот Душан не посегнал по самостојноста на Охридската архиепископија, туку ги потврдил нејзината независност и нејзините права. За тоа сведочат Синтагмата на Матеј Властар[19] и списот на Псеудо Кодин[20]. Полната редакција на Синтагмата настанала во Цариград во 1335 година; потоа била преведена на словенски јазик. Меѓу црквите што „не потпаѓаат под ниеден патријарх" ги споменува само Охридската, Кипарската и Иверската, додека Трновската и Српската премолчувајќи ги одрекува.[21] Самиот српски владетел Стефан Душан ѝ ја потврдил независноста и правата на Охридската архиепископија.[22] Тоа го направил со цел Архиепископијата да го даде својот придонес за легитимитетот на прогласувањето на патријаршијата и на царството во 1346 година. Оние епархии од Македонија што не биле потчинети на Охридската архиепископија туку на Цариградската патријаршија, Душан

---

[18] Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 161.

[19] С. Троицки, Црквено-политичка идеологија светосавске Крмчије и Властареве синтагме, Глас САН, 212, Београд 1953, 190-192.

[20] Pseudo-Kodinos, Traité des Offices (ред. J. Verpeaux) Paris 1966, 282.

[21] Матије Властара Синтагмат, издао Ст. Новаковић. Београд 1907, 271. Спореди и Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 161.

[22] И. Снегаров, История, 1, 317; Ј. Белчовски, Автокефалноста..., 61; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија.., 167.

не ги потчинил на Охридската архиепископија, туку на српската црква. Иако автокефалноста на Охридската архиепископија не била доведена во прашање, сепак дошло до измени во нејзиниот врв, а и во апаратот на Архиепископијата. На местото на избеганиот последен византиски архиепископ во Охрид, Антим Метохит, во 1345 година го среќаваме архиепископот Никола како човек на Душановата доверба.[23]

Охридскиот архиепископ Никола присуствувал на Соборот во Скопје во 1346 година, кога српската архиепископија неканонски била прогласена за патријаршија и кога кралот Душан бил крунисан за цар. Присуството на архиепископот Никола значело јавно признавање на законитоста и на автокефалноста на Охридската архиепископија од поглаварот на Српската црква.[24] Тоа царот Душан и јавно го кажал на соборот од 1347 година кој бил свикан со цел да се издигне игуменството во Лесновскиот манастир во епископство. Во хрисовулот на Душан, даден по тој повод, се наведува дека таквиот чин бил извршен со согласност на охридскиот архиепископ Никола.[25]

Привилегиите на Охридската архиепископија биле посебно гарантирани во Душановиот законик (чл. 148).[26] Архиепископијата за време на Стефан Душан наполно се ослободила од византиско туторство и нејзината автокефалност била неприкосновена и никој не можел да ја нарушува.

Во времето на кралот Волкашин, Архиепископијата исто така била автокефална, за што постои непобитно сведоштво. Конкретно во мај 1367 година цариградскиот патријарх Филотеј го повикал охридскиот архиепископ Григорие II со своите архијереи да дојде на соборот во

---

[23] За архиепископот Никола спореди: И. Снегаров, История, 1, 340-341; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 170-171.

[24] И. Снегаров, История, 1, 321; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 169.

[25] Хрисовуља цара Стефана дата у Скопљу 1347 којом се оснива епископска столица у Леснову. Препис арх. Леонид. - Гласник Српског ученог Друштва, књ. X. Београд 1870, 289. Спореди и: И. Снегаров, История, 1, 322; Р. Грујић, Скопска митрополија, 98-100; Ј. Белчовски, Автокефалноста..., 63.

[26] Н. Радојчић, Законик цара Стефана Душана 1349-1354. Нови Сад 1950.

Цариград. Тој собор требало да има екуменско значење и на него требало да учествуваат и патријарсите на Антиохија, Александрија и Ерусалим. Учеството на другите источни поглавари не се наведува. Тоа зборува дека Цариград ја признавал Охридската архиепископија за самостојна како и источните патријаршии.[27]

Ако охридскиот архиепископ не бил автокефален, цариградскиот патријарх не би се обратил директно до него, туку до неговиот претпоставен. Исто така, ако Архиепископијата во тој период била потчинета на Српската патријаршија, тогаш цариградскиот патријарх никако не би се обратил ниту до нејзиниот архиепископ директно, ниту индиректно, ниту пак до српскиот патријарх, бидејќи тогаш Српската црква била екскомуницирана од цариградскиот патријарх.[28] Според цариградскиот патријарх отсуството на охридскиот архиепископ од соборот во 1367 година би било многу штетно и голема навреда за патријарсите, бидејќи требало да се решаваат важни црковни прашања. „Ако пак дојдеш – го завршува своето писмо Филотеј, колку чест и слава, колку полза ќе има за твојата Светост, и за христијаните што се наоѓаат таму. Всушност, нека побрза Неговата Светост, архиепископот да дојде овде, откако подреди сè друго и ѝ даде предимство на оваа работа.“[29] Од ова јасно произлегува дека патријархот го поставува охридскиот архиепископ на рамна нога со останатите источни патријарси.

Во времето на кралот Марко, Архиепископијата била исто така наполно независна од српската црква, бидејќи и државата на Марко била независна од српската држава. За тоа дека Архиепископијата била наполно автокефална сведочи посланието на цариградскиот патријарх Антониј VI, напишано помеѓу 1389 и 1394 година до канино-авлонскиот деспот Мркша Жарковиќ.[30] Тој, Мркша се оженил за внуката на својот

[27] F. Miklosich et J. Miller, Acta e diplomata graeca medii aevi sacra et profana, Acta Patriarchatus, I, Vindobonae 1860, 491-493; И. Снегаров, История, 1, 331; Ј. Белчовски, Автокефалноста...,63.

[28] И. Снегаров, История, 1, 331; Ј. Белчовски, Автокефалноста.., 63.

[29] F. Miklosich et J. Miller, Acta Patriarchatus, I, 492; Ј. Белчовски, Автокефалноста..., 63.

[30] F. Miklosich et J. Miller, Acta patriarchatus, II, 230.

очув, Ругина. Охридскиот архиепископ бил приморан да го благослови овој брак, бидејќи деспотството било во голема опасност од османлиите и му била потребна цврста рака. Подоцна, по повод овој брак настанал спор и Мркша за законитоста на својот брак се обратил до цариградскиот патријарх. Патријархот Антониј VI одговорил дека неговиот брак му изгледа „тежок" и „необичен", меѓутоа тој ниту го осудува, ниту го одменува, туку смета дека тој брак бил неопходен штом охридскиот архиепископ сметал за добро да го благослови.[31] Од тоа се гледа дека цариградскиот патријарх постапил со почит кон едно неканонско дело на охридскиот архиепископ, а тоа го направил поради автокефалната положба на архиепископот, бидејќи патријархот не смеел да се меша во работите на независна црква.[32]

По распаѓањето на српската држава, Охридската архиепископија целосно се ослободила од соперништвото на српската црква и станала единствен црковен авторитет за прилепските кралеви. Нејзината независност дошла до полн израз, бидејќи и црквата и кралството се потпирале на иста етнографска база.[33] За разлика од српската црква што ја делеше судбината на српската држава, Охридската архиепископија, наоѓајќи се на урнатините на царството, го барала своето место во семејството на православната екумена и ја усогласувала својата политика со цариградската патријаршија.

За разлика од Бугарската патријаршија, која по паѓањето на Велико Трново под власта на османлиите била укината, Охридската архиепископија под непосредната османлиска управа успеала да ја продолжи активноста, а во некои домени да се здобие со поповолни услови. Архиепископијата не можела да ја прошири диецезата на територијата под османлиска окупација без претходна легализација пред османлиската управа.[34] Архиепископијата не ја делела судбината на државноста на

[31] Исто, 230-231; И. Снегаров, История, 1, 333.

[32] И. Снегаров, История, 1, 333; Ј. Белчовски, Автокефалноста..., 64.

[33] И. Снегаров, История, 1, 333; Ј. Белчовски, Автокефалноста, 64.

[34] Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 186-187.

христијанските владетели, па така ги одбегнала репресивните мерки на новата власт.

### *Политичката улога на Архиепископијата*

Дејноста на Архиепископијата во разгледуваниот период била користена од световните владетели за остварување на нивните политички цели. Тоа е очигледно уште по обновувањето на Византија. Михаил VIII, со цел да ја стабилизира својата политичка положба, ја користел Охридската архиепископија. Впрочем и неговото барање на Лионскиот собор во 1274 година за укинување на српската и бугарската црква и нивно ставање под јурисдикција на охридската било со цел да ги одврати нивните владетели од сојузот со Карло Анжујски, којшто бил насочен против Византија.[35]

Во првата фаза од српско-византиската војна во 1282-1299 година, при склучувањето на мирот и династичкиот брак на крал Милутин со византиската принцеза Симонида во 1299 година, бракот го благословил охридскиот архиепископ. Оваа постапка на архиепископот била иницирана од византискиот владетел Андроник II. Со неа, покрај тоа што ја потенцирал автокефалноста на Охридската архиепископија, неа ја користел за свои политички цели. За да ја оправда својата постапка пред народот, Андроник морал да има поддршка од автокефално црковно лице, бидејќи цариградскиот патријарх одбил да даде благослов на тој брак.[36]

По склучувањето на византиско-српскиот мировен договор, Византија му ги признала на Милутин освоените територии во Македонија како „мираз“ во бракот со Симонида. Давањето на територии во мираз имало исто така црковно-политички димензии. Веднаш по тој чин Милутин пристапил кон организација на српската власт во Македонија.

---

[35] Г. Острогорски, Историја Византије, 428-429.

[36] И. Снегаров, История, 1, 161.

За таа цел била искористена црквата, поточно преземањето на ктиторството на одделни македонски цркви и манастири од страна на Милутин и преку подарување на имоти. Најтипичен пример имаме во неговата грамота за скопскиот манастир Св. Георг Брзи (Скоропостижник) од 1300 година.[37] Со таа грамота на манастирот му подарил имоти расфрлени на целата дотогаш освоена македонска територија и тие биле снабдени со имунитет. Тие имоти, како организирани стопанства имале двојна цел. Требало да ја придобијат црквата на страната на Милутин и да му послужат како главни окупациски пунктови за наложување и легализација на српската власт во Македонија. Преку тие имоти српскиот владетел можел да ја контролира ситуацијата во новоосвоените територии, а од тие подарени имоти, цркви и сл. можел да ги планира и подготвува своите понатамошни освојувачки акции. Св. Георг Скопски бил издигнат на прво место меѓу манастирите потчинети на крал Милутин.[38]

Покрај овој манастир, потоа во улогата на „спроведувач“ на српската освојувачка политика, се јавуваат тетовскиот манастир Св. Богородица и манастирот Трескавец кај Прилеп. Последниот му служел на кралското семејство и на неговите византиски роднини како место за одмор на патот за Солун.

Со Душановото освојување на Охрид во српската држава се сретнале две автокефални цркви: Пеќската (српската) и охридската. Носејќи се со идејата да стане цар на „Србија и Романија“, Душан морал да биде благорасположен кон црквата. За таа цел ги потврдил старите подарувања, но дал и нови имоти и привилегии. Тоа било со цел да ги придобие епископите и архиепископот преку своите цркви да дејствуваат

---

[37] За грамотата спореди: Ст. Новаковић, Законски споменици српских држава средњег века. Београд 1912, 608-621; Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I. Скопје 1975, 205-239.

[38] Споменици на Македонија, I, 210; А. Атанасовски, Македонија во XIV век (докторска дисертација во ракопис, се чува во библиотеката на Институтот за историја при Филозофски факултет-Скопје) 84.

во затврдувањето на неговата власт во Македонија. Во таа намера Душан успеал. На соборот во Скопје во 1346 година, свикан со цел да се изврши реорганизација на српската црква, присуствувал и охридскиот архиепископ. Српската архиепископија била неканонски издигната во ранг на патријаршија, епископиите во митрополии. Меѓу митрополиите почесно место било дадено на скопската, која Душан во еден свој документ за основањето на Злетовската епископија од 1347 година ја нарекува „архиепископија“.[39] По прогласувањето на српската патријаршија на 16 април 1346 година, Душан бил крунисан за цар. На церемонијата присуствувал и охридскиот архиепископ Никола, кој ја играл улогата на вселенскиот цариградски патријарх. Охридскиот архиепископ фактички дал легитимитет на Душановата титула „цар на Србија и Романија“.[40]

Малку изгледа чудно присуството на охридскиот архиепископ на овој собор, бидејќи тој бил на штета на Охридската архиепископија. Тој дал согласност да се издигне српската архиепископија во патријаршија иако тоа било неканонски. Тој се согласил со новата реформа на српската црква и формирањето на нови епископии и митрополии потчинети на српската црква, а порано тие биле под власта на Охридската архиепископија.

По овие настани, цар Душан ја оставил Охридската архиепископија автокефална. Но почнал да ѝ одзема имоти и да ги дава на српските манастири, пред сè на Хиландар и Св. Архангели кај Призрен, факт којшто ја потврдува тезата дека црквата ја користел за свои политички цели.

По распаѓањето на српската држава, Охридската архиепископија се нашла надвор од политичкото влијание на српските владетели, но продолжила да егзистира и во новонастанатите услови.

---

[39] ...патрїархомь кирь Їωанникиюмь и сь архїепископом Ѡхридьскымь Николомь и сь архїепископом Скопскымь рекше митрополитомь кирь Їωанномь..., Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Стефана.., 289.

[40] И. Снегаров, История, 1, 321.

Користејќи ги воено-политичките спротивности во условите кога се одвивал процесот на Османлиската стабилизација во внатрешноста на Балканот, Охридската архиепископија изборила поповолни услови од соседните автокефални цркви. Од друга страна, толеранцијата на османлиските султани кон неа резултирале со тоа Охридската архиепископија да не пристапи кон Фирентинската унија, која била насочена против Османлиите, а Архиепископијата во тие моменти зазела независен став спрема политиката на екуменскиот патријарх.[41]

Поставените основи на потрајна соработка со Османлиската управа околу 1400 година, за подолг период ѝ обезбедиле поволен третман на Архиепископијата во Османлиската држава.

(Рецензент: *Проф. д-р Милан Бошкоски*)

***Клучни зборови:*** *Охридска архиепископија, автокефална, неканонски, политика, црква.*

[41] Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 186-187.

## SUMMARY

Aleksandar ATANASOVSKI

## ARCHBISHOPRIC OF OHRID IN XIX CENTURY

The history of the Archbishopric of Ohrid had been interwaved with political events in Macedonia in that period. Three questions are being objects of our interest: borders of archbishopric diocese; canonical position and its utilization about political objects.

Borders of the diocese of Archbishopric of Ohrid depended on political conditions in the Balkans. At the end of XIII century Archbishopric embraced 11 bishopric, although in second half of XIII century its had 13 and even more in XI century its possesed 31 bishopric. The greatest part of bishopric were being taken by Archbishopric of Pec(serbian) in 1219 and 1282 as well by Patriarchate of Trnovo (bulgarian) in 1235. In 1274 byzantian emperor Michael VIII Paleolog made attempt, through Lyon's union to annihilate serbian and bulgarian church and bring them under the jurisdiction of Archbishopric of Ohrid, but he failed.

Canonical position of Archbishopric of Ohrid had never been disturbed. Archbishopric remained independent regardless the ruler of its dioceses. Syntagma of Matej Vlastar and Pseudo Kodin's manuscript bear witness about that. Emperor Dushan's asking Archbishop of Ohrid for giving consent for promoting serbian archbishopric in patriarchate and participation of archbishop of Ohrid on the ceremony of proclaiming Dushan for emperor are in favor of our previous asserting. Independence of Archbishopric of Ohrid was not disturbed after the death of emperor Dushan as well as after ottoman conquering of its dioceses.

The activities of Michael VIII Paleolog in Lyon witnessed for utilizing of Archbishopric of Ohrid for political purposes. Serbian emperor Dushan also used the Archbishopric to help his inention for promoting Serbian archbishopric in patriarchate.

Archbishopric of Ohrid, utilizing military political differences during the process of ottoman stabilization in the Balkans, achieves to have more favorable position than the neighboring independent churches.